...



# Статистичко истражување за урнати објекти и станови

## ДС_ГРАД.71_А_МК_2022_1

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за индустрија, градежништво и деловни тенденции | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Наташа Ценова | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Советник | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| natasa.cenova@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| +389 3295 663 | |
| **1.8** | **Факс** |
| | |

| 2 | Ажурирање метаподатоци |
|---|---|
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 30/06/2023 | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| 30/06/2023 | |
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |
| 30/06/2023 | |
| **3** | **Статистичка презентација** |
| | |
| **3.1** | **Опис на податоците** |
| Податоци за: број на урнати објекти, згради и станови, и нивните атрибути - видот на објектот и година на изградба. | |
| **3.2** | **Систем на класификации** |
| Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2; Номенклатура на градежни објекти и градежни работи - НГОГР; Номенклатура на територијални единици за статистика - НТЕС, 2013. | |
| **3.3** | **Опфат на сектор/и** |
| Сектор F/Ѓ-Градежништво, според НКД Рев.2. | |
| **3.4** | **Статистички концепти и дефиниции** |
| Зградите, како елементи на високоградбата, претставуваат самостојни, надземни градби кои вообичаено се составени од: темели, надворешни ѕидови и се покриени со покрив, а наменети се за различни цели, односно за трајно, постојано користење и сместување на луѓе и добра. - Исклучиво станбената зграда (обејкт за домување), во целост е наменета за живеење и не смее да има простории за извршување на било каква дејност. Ваквиот вид на згради може да има само гаража за сместување на возилата на станарите; - Претежно станбена е зградата во која поголемиот дел од нејзината површина го заземаат станови, а помалиот дел го заземаат деловните простории; - Претежно нестанбена е зградата во која поголемиот дел од површината се користи за извршување на разни дејности, а помалиот дел за живеење; - Зградата која се користи за одмор и рекреација, е викенд куќа; | |

| 3.5 | Статистичка единица |
|---|---|

Извештајни единици се општините - единиците на локалната самоуправа, т.е. надлежните служби задолжени за работите од областа на урбанизмот во рамките на општините. Единица на набљудување е секоја градба за која се издава решение за уривање.

| 3.6 | Статистичка популација |
|---|---|

Статистичка единица се градежните објекти за кои се води постапка и е донесено решение за уривање во одделенијата за урбанизам.

| 3.7 | Референтна област |
|---|---|

-НТЕС 1 и 2 (Република Северна Македонија),

| 3.8 | Временска покриеност |
|---|---|

Од 1991 година.

| 3.9 | Базен период |
|---|---|

Не е применливо.

| 4 | Единица на мерење |
|---|---|

Број.

| 5 | Референтен период |
|---|---|

Година.

| 6 | Институционален мандат |
|---|---|

| 6.1 | Законски акти и други договори |
|---|---|

Национални: Закон за државната статистика („Службен весник на РМ" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18, 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.31/20) https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx и Програмата за статистички истражувања за периодот 2018-2022 година („Службен весник на Република Македонија" бр.22/18, 224/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„бр.18/20 и 300/20). https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=8 .

| 6.2 | Споделување на податоци |
|---|---|

Не е применливо.

| | |
|---|---|
| **7** | **Доверливост** |
| | |
| **7.1** | **Доверливост - политика** |

Податоците се индивидуални податоци, заштитени со Законот за државна статистика http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx .
Податоците што се прибираат од извештајните единици преку статистичките истражувања или индиректно, од административни или од други извори, се доверливи податоци и се користат исклучиво за статистички цели. Резултатот на статистичката обработка може, исто така, да генерира информации кои се сметаат за доверливи, на пример: анонимизирани индивидуални податоци, табели со многу ниско ниво на агрегација, како и сè уште необјавени податоци. Политиката за статистичка доверливост http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=24 ги содржи основните начела што се применуваат во Државниот завод за статистика.

| | |
|---|---|
| **7.2** | **Доверливост - третирање на податоците** |

Секој индивидуален или личен податок, независно во која фаза на статистичка обработка се наоѓа, има третман на доверлив податок и може да се користи исклучиво за статистички цели. При објавувањето на податоците од ова истражување на агрегирано ниво, не се јавува потреба за дополнително третирање на податоците заради обезбедување статистичка доверливост.

| | |
|---|---|
| **8** | **Политика за објавување** |
| | |
| **8.1** | **Календар на објавување** |

Објавувањето на податоците е во согласност со Календарот на објавување кој се подготвува еднаш годишно, пред почетокот на календарската година, а се ажурира квартално.

| | |
|---|---|
| **8.2** | **Пристап до Календарот на објавување** |

Календар на објавување

https://www.stat.gov.mk/Kalendar.aspx

| | |
|---|---|
| **8.3** | **Кориснички пристап** |

Во согласност со политиката за дисеминација, сите корисници имаат еднаков пристап до статистичките податоци во исто време. Податоците се објавуваат на веб-страницата истовремено за сите корисници, кои се информираат од Календарот на навременост и ниеден корисник нема привилегиран третман.

| 9 | **Фреквенција на дисеминација** |
|---|---|

Годишна.

| 10 | **Достапност и јасност** |
|---|---|

| 10.1 | **Соопштенија** |
|---|---|

Не е применливо, податоците од СИ не се објавуваат во соопштение.

| 10.2 | **Публикации** |
|---|---|

Не е применливо, податоците од СИ не се објавуваат во тематска публикација.

| 10.3 | **Онлајн база на податоци** |
|---|---|

МАКСтат-база на податоци достапна на веб-страницата на ДЗС.

http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Број на прегледи на табелите од МакСтат базата = 35.

| 10.4 | **Пристап до микроподатоци** |
|---|---|

Во согласност со Законот за државна статистика http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx (член 41) и со Политиката за пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22 , податоците што се прибрани за потребите на официјалната статистика може да се користат за научно-истражувачки цели ако не е загрозена нивната директна или индиректна идентификација, т.е. откривањето на индивидуалноста на податокот. Пристапот до микроподатоци е возможен само во просторија на ДЗС, а врз основа на претходно доставено и одобрено барање и потпишан договор.

| 10.5 | **Друго** |
|---|---|

-Публикации:

Статистички годишник,

http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=34&rbrObl=37

| 10.6 | Документација за методологијата |
|---|---|

Методолошко објаснување, национално

"Методолошки објаснувања кои се дел од публикацијата "Градежништвото во Република Македонија".

http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=20

| 10.7 | Документација за квалитетот |
|---|---|

Не е применливо.

| 11 | Управување со квалитет |
|---|---|

| 11.1 | Обезбедување на квалитетот |
|---|---|

Посветеноста на Државниот завод за статистика за обезбедување квалитет на производите и на услугите е содржана во:

- Законот за државна статистика http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx
- Стратегискиот план на Државниот завод за статистика http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=6
- Политиката за квалитет на Државниот завод за статистика http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=24

како и во постојаните напори за усогласување со Кодексот за работа на европската статистика http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=2 . . Главните аспекти и процедури за управување со квалитет во фазите и потпроцесите од Статистичкиот бизнис процес модел, како и добрите практики и насоките за обезбедување квалитет се документирани во интерен документ Насоки за обезбедување квалитет на статистичките процеси.

| | |
|---|---|
| Потребните влезни и излезни метаподатоци, како и релевантните индикатори за квалитет за одделни потпроцеси, се опишани во документот Упатство за менаџери на статистички истражувања. | |
| **11.2** | **Оценка на квалитетот** |
| Податоците се користат од различни државни институции со цел следење на економските состојби во земјата и како индикатор претставуваат појдовна основа за спроведување на различни економски анализи, креирање стратегиски планови за преземање идни активности и донесување одлуки за реализирање на економските политики. | |
| **12** | **Релевантност** |
| | |
| **12.1** | **Потреби на корисниците** |
| Податоците се користат од различни државни институции со цел следење на економските состојби во земјата и како индикатор претставуваат појдовна основа за спроведување на различни економски анализи, креирање стратегиски планови за преземање идни активности и донесување одлуки за реализирање на економските политики. | |
| **12.2** | **Задоволство на корисниците** |
| Државниот завод за статистика ја спроведува Анкетата за мерење на задоволството на корисниците http://www.stat.gov.mk/Dokumenti/izvestai/IzvestajAnketaZadovNaKorisnici2015.pdf . Оваа анкета е спроведена во 2009, 2012, 2015 и последната во 2017 година. | |
| **12.3** | **Комплетност** |
| | |
| **13** | **Точност и веродостојност** |
| | |
| **13.1** | **Севкупна точност** |
| Точноста на податоците се обезбедува преку преземање на мерки за намалување на примерочните и/или непримерочните грешки, како и дополнителна споредба и анализа на податоците пред тие да бидат објавени. | |
| **13.2** | **Примерочни грешки** |
| Не е применливо (истражувањето е со целосен опфат). | |
| **13.3** | **Непримерочни грешки** |

| | |
|---|---|
| Грешки во опфат: Се обезбедува 100% опфат. Давателите на податоци навреме се потсетуваат за исполнување на својата обврска. Грешки при обработката на податоците: Внесот на податоците се прави со мануелен начин на внес. За време на внесот на податоците се применуваат автоматски контроли и тоа контрола при внес, како и дополнителна контрола по завршување на внесот. При појава на некои поголеми недостатоци во прашалниците беа контактирани давателите на податоци. Грешки при неодговор: Стапка на неодговор на единица изнесува 0%. | |
| **14** | **Навременост и точност** |
| | |
| **14.1** | **Навременост** |
| Т+180. | |
| **14.2** | **Точност** |
| Сите податоци се објавени според роковите во Календарот на објавување. | |
| **15** | **Кохерентност и споредливост** |
| | |
| **15.1** | **Географска споредливост** |
| Постои географска споредливост на дисеминираните податоци на национално ниво НТЕС 1 и 2. | |
| **15.2** | **Временска споредливост** |
| Временска серија од 1991 година и нема прекин на временската серија. Број на референтни периоди во временската серија е 32. | |
| **15.3** | **Меѓудоменска кохерентност** |
| Податоците се кохерентни меѓу различните делови на статистиката на градежништво. Кохерентноста со другите областите е делумно обезбедена. | |
| **15.4** | **Внатрешна кохерентност** |
| Внатрешната кохерентност на податоците е обезбедена. | |
| **16** | **Трошок и оптовареност** |
| Не е применливо. | |
| **17** | **Ревизија на податоците** |

| | |
|---|---|
| **17.1** | **Политика за ревизија на податоците** |
| Во согласност со Политиката за ревизија на податоци во ДЗС.<br><br>http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=25 | |
| **17.2** | **Практика за ревизија на податоците** |
| | |
| **18** | **Статистичка обработка** |
| | |
| **18.1** | **Извори на податоци** |
| Ова статистичко истражување е со целосен опфат. Извор на податоци се административните регистри за урнати објекти на Единиците на локалната самоуправа, поточно Одделенијата за урбанизам во 80 - те општини во Република Македонија. | |
| **18.2** | **Фреквенција на прибирање податоци** |
| Годишна. | |
| **18.3** | **Прибирање на податоците** |
| "Прибирањето на податоците од Одделенијата за урбанизам при општините во Република Македонија се врши преку пошта, прво до Регионалните одделенија за статистика, а потоа тие ги доставуваат до Централниот завод. Прибирањето на податоците од Одделенијата за урбанизам при општините во Република Македонија се врши со целосен опфат, со метод на самопополнување во статистичкиот прашалник „Годишен извештај за урнати објекти и станови"" (ГРАД 71) на хартија, по пошта. Извештајните единици ги пополнуваат податоците во статистичкиот прашалник и ги доставуваат по пошта до ДЗС најдоцна Т+120." | |
| **18.4** | **Проверка на податоците** |
| Проверка на податоците се врши во согласност со дефинираните критериуми за контрола. Проверка на податоците се врши пред и по внесувањето. За отстапувањата се контактираат извештајните единици. Проверка се врши и на готовите податоци пред нивното објавување. | |
| **18.5** | **Компилирање податоци** |

| | |
|---|---|
| Едитирање: Пристигнатите податоци од извештајните единици, по проверката и евентуалната корекција во консултација со извештајните единици, се внесуваат на електронски медиум, преку апликација со вградени on-line контроли. Пресметка: Излезните податоци се дефинирани во апликацијата. | |
| **18.6** | **Прилагодување** |
| Не е применливо, не се врши прилагодување на временската серија и сезонско прилагодување на податоците. | |
| **19** | **Коментар** |
| Нема коментар. | |
| **A.1** | **Анекси** |
| | |